

# УВОДНИ СТИХОВИ

ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА 3/2019

*Сабота, 6 јули 2019*

## 1. ВИСТИНСКИ ИЗБОР

**„Тогаш управителот во одговор рече: ’Кого од двајцата сакате да го пуштам?’ А тие рекоа: ’Варава!’" (Матеј 27,21)**

Во нашиот живот мора постојано да избираме меѓу различни понуди. Уште од детството, ние треба да одлучиме со кои играчки ќе си играме, но и да научиме да избираме меѓу доброто и злото.

Во денешниот стих од Библијата, гледаме како еден човек стои пред сериозен и решавачки избор. Римскиот управник Пилат поставил мошне важно животно прашање: „Кого од овие двајца сакате да го пуштам: Исус, Синот Божји, или Варава, убиецот?“ Водачите на еврејскиот народ ја навеле толпата, по секоја цена да се ослободи Варава, а не Исус! Со своите зборови и дела, Тој многу често ја вознемирувал нивната совест. Преку Него, вистинската светлина можела да заблеска во нивните мрачни срца. На крајот, го избрале Варава.

А што со Исуса? – Одекнале зборовите: „Да биде распнат!“

Кого ќе избереме? Пилатовото прашање важи и денес. Но, ние денеска не мораме да избираме меѓу Исуса и Варава. Сега станува збор само за тоа дали ќе го прифатиме или ќе го отфрлиме Исуса Христа. Незаинтересираноста и рамнодушноста кон ова прашање е исто што и отфрлање.

Што значи тоа да се одбере Исус? Тоа значи: „Кој верува во Синот, има вечен живот; а кој не се покорува на Синот, нема да види живот, туку Божијот гнев останува врз него“ (Јован 3,36). Да се одбере Исус, тоа значи да се прифати фактот дека нема спасение во никој друг: „Нема спасение ниту во еден друг, ниту има друго име под небото, дадено на луѓето, преку кое мора да се спасиме” (Дела 4,12). Да се заземе став против Исуса, тоа ја повлекува со себе и ваквата осуда: „Никогаш Јас не сум ве познавал; одете си од Мене вие, кои правите беззаконие!“ (Матеј 7,23). Мојсеј, тој верен Божји човек, го дал следниот вреден совет:

„Избери го животот" (5. Мојсеева 30,19).

Затоа, оваа денешна служба на Бога нека ни помогне повторно и уште порешително да ја избереме правата страна

*Сабота, 13 јули 2019*

## 2. ПОРАКА

**„За оние, на кои богот од овој свет им ги заслепил нивните безверни умови, за да не ги осветли светлината на Благовестието за славата на Христос, Кој е слика на (невидливиот) Бог" (2. Коринќаните 4,4).**

Радиобрановите од два големи предаватели, без запирање, дење и ноќе, ги пренесуваат своите пораки. Тие се неверојатно моќни и можат да се уловат каде било на Земјата. Едниот од овие предаватели е поблизу до нас и неговата програма се слуша почесто од програмата на оној другиот. Но, ниту другиот не е помалку достапен, само ако ние точно и прецизно ја погодиме брановата должина со нашиот приемник.

Првиот предавател е на Земјата, а со него управува ѓаволот, наречен „богот на овој свет". Вториот е поставен на небото. Програмата на првиот полесно се слуша, бидејќи тоа е нашата локална станица и ја замаглува другата. Но, ако вашиот приемник го наместиме точно и тоа на начин при кој нашиот приеме нема да има никакви пречки ниту какво било мешање, ќе ја слушнеме пораката која ќе нè восхити – поради тоа што е пренесувана речиси две илјади години. Оваа порака е искрена и утешна, бидејќи тврди: „Бог гледа" и „Бог е љубов". Таа ја пренесува светлината на славното Христово Евангелие до секое катче на овој темен свет, и сите оние кои сакаат да ја слушаат, ги известува: „Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот" (Јован 3,16).

Ѓаволот се обидува да ја попречи оваа радосна порака. Тој има ефективна бранова должина и може да ги употреби сите можни средства за да нè спречи да ја слушаме Божјата радосна вест за спасението и да размислуваме за неа.

Ако дозволиме Божјата радосна вест да се всели во нашето срце и да го обрати кон Бога, тоа може и од темел ќе го промени нашиот живот и ќе го поведе во добра насока.

*Сабота, 20 јули 2019*

## 3. ЛЕБ И ПУТЕР

**„Зашто, со каков суд судите, со таков ќе бидете судени; со каква мерка мерите, со таква и ќе ви се мери“ (Матеј 7,2).**

Пекарот во едно село купил путер од близок селанец. Еден ден го измерил количеството на купениот путер и сфатил дека селанецот ја намалил мерката на путерот, иако бил наплатен по иста цена. И така пекарот ги обвинил селанецот за измама.

На судот, судијата го прашал селанецот: „Дали имате проверена и точна вага и тегови?“

„Немам“, одговорил селанецот.

„Па, како ја мерите количината путер што ја продавате?“

Фармерот одговорил: „Кога пекарот почна да купува од мене путер, сметав дека јас треба да купувам од него леб. Почнав да го користам неговиот леб од половина килограм како тег за мојата вага, и така го мерам путерот. Ако тежината на мојот путер е помал, тогаш пекарот е виновен за тоа“.

Избразаното осудување на другите е грев. Фарисеите од Исусово време биле посебно криви за таквото однесување. Тие се обиделе да се издигнат себеси обвинувајќи ги другите со озборувања и клевета. Тоа не е само знак на горделивост и себеистакнување, туку и знак дека на сличен начин и ние ќе бидеме осудени. Исус рекол: „Со каков суд судите, со таков ќе ви се суди; и со

каква мерка мерите, со таква ќе ви се мери". Кои мерила и критериуми ги користите?

Бог нека ни помогне да бидеме искрени во сите наши меѓусебни односи и постапки, и на работа и во семејството. Неговиот благослов нека почива врз нас денеска, и туѓите грешки да бидат одраз на нашите грешки.

*Сабота, 27 јули 2019*

## 4. ХРИСТОС ВОСКРЕСНА!

**„Но сега, Христос воскресна од мртвите, како првенец на оние кои умреле"** **(1. Коринќаните 15,20).**

Повеќето од главните религии во светот почитуваат некој мртов водач или филозоф. Само христијанството изјавува дека верата на христијанинот е насочена кон живиот и воскреснат Спасител.

Некој мисионер ја толкувал оваа вистина пред група луѓе. Тој рекол: „Патувам низ светот и доаѓам до место каде што патиштата се двојат во две насоки. Го барам водичот и наоѓам двајца, еден е мртов, а другиот жив. Кого од овие двајца ќе го прашам да ми го покаже патот по кој да одам..?" Луѓето што биле собрани околу него, одговориле: „Па, тој живиот!" Мисионерот рекол: „Тогаш, зошто следите лидер кој е мртов, наместо Исуса Христа, кој е жив?"

Ако навистина веруваме во реалното телесно воскресение на Исуса Христа, ние не веруваме во некоја бесмислена изјава, туку верувама на она што го кажува Бог во својата пишана Реч. Ако го отфрлиме ова темелно учење, можеме веднаш да ја отфрлиме и целата Библија. Ако Христос не воскреснал, тогаш го прекршил своето ветување, пророштвата погрешно пророкувале, и сите луѓе се уште се наоѓаат во своите гревови.

Едно девојче живеело во близина на гробишта и често морало да поминува низ гробиштата ноќе. Кога некој ја прашал:

„Се плашиш ли?“ девојчето одговорило: „Не се плашам, мојот дом е од другата страна.“

Ако веруваме во воскреснатиот Христос, не мора да се плашиме од смртта. Бидејќи нашиот дом е на другата страна!

*Сабота, 3 август 2019*

## 5. ПОИНАКВО ЕВАНГЕЛИЕ

**„Се чудам дека така брзо се одвратувате од Оној, Кој ве повика во Христовата благодат, и преминувате кон друго евангелие“ (Галатјаните 1,6).**

Кој е најголемиот предизвик за христијаните во 21. век? Дали е тоа отворениот неморал, тешките социјални проблеми, зголемувањето на противењето на Бога? Сите тие претставуваат голема опасност, се разбира, но јас се осмелувам да кажам дека најголемата опасност е религијата која ни го одвлекува вниманието од вистинското евангелие објавено во Библијата.

Некои религии отворено се противат на Исуса Христа, но некои се мошне подмолни. Се служат со изрази слични на христијаните, што ги прави многу прифатливи. А тогаш, на сето тоа го додаваат својот измамнички начин на размислување и верување.

Ако ви се чини дека таквите учења се христијански, како ќе знаете дали проповедаат „друго евангелие“? Еве неколку лажни учења коишто треба да ги истакнеме:

- Спасение кое доаѓа од што било друго освен преку Исуса Христа распнатиот (Дела 4,12).

- Не го признава Исуса Христа како вечен Бог објавен во тело, како единствен Спасител (Јован 1. глава).

- Придава поголемо значење на човечките зборови отколку на Божјата реч (1. Коринќаните 2,12-13).

Водачите кои не ги водат луѓето врз основа на библиските вистини онака како што го правел тоа Исус Христос (види: 1.

Тимотеј 4,6 и Јуда 4 глава).

Постојат луѓе кои сакаат да не наведат да поверуваме во некое „друго евангелие“. Но, ако се држиме за научената Божја реч, никој нема да може да нè заведе или да нè измами. Божјата Реч, Библијата, нека ги насочува нашите мисли, нашето однесување и делување во животот.

*Сабота, 10 август 2019*

## 6. НЕ ВРТИ СЕ НАЗАД!

**„Никој, кој ја ставил својата рака на ралото, а погледнува назад, не е достоен за Божјото Царство“** (Лука 9,62).

Кога како дете живеев на село, татко ми ќе ми речеше: „Не можеш да изораш рамна бразда ако се вртиш назад.“ И сами можете да ја проверите оваа вистината, ако се свртите назад додека одите по свеж снег или на песочна плажа. Вашите траги нема да бидат рамни.

Еден добар земјоделец никогаш не се врти назад кога еднаш ги ставил рацете на плуг. Исус се послужил со оваа споредба за да ни даде една многу важна поука: Ако сакаме да бидеме Негови ученици, мораме целосно да раскинеме со она што нè спречува да му бидеме целосно предани на Исуса Христа.

Целосната посветеност, преданост кон Бога е принцип кој е длабоко вкоренет во Стариот Завет. Израелците, откако биле избавени од египетското ропство и добивале храна на чудесен начин, со копнеж гледале назад во оние денови кога уживале во јадењата како што се риба, краставици, дињи и лук што ги јаделе додека биле робови во Египет (види 2. Мојсеева 11,5-6). Бог бил мошне ожалостен што тие мрмореле и се жалеле, па затоа дозволил да ги снајдат неволји. Нивното навраќање на минатото укажувало на недостаток на доверба во Бога.

И денеска, луѓето кои се врзани за старите гревови и световни задоволства во кои уживале пред да станат христијани, тие

не можат да бидат предани Исусови ученици. Кога се каеме и веруваме целосно во Исуса Христа, стануваме граѓани на Неговото ново царство. Но, ние мора да раскрстиме со гревовите од минатото.

Имено, учењето и припаѓањето на Исуса Христа значи да не се навратуваме назад во минатото. Бог може да нè зајакне денес со Духот и со својата Реч да гледаме само напред, кон иднината, кон заедничкиот живот со Бога.

*Сабота, 17 август 2019*

## 7. ШТО НЕМА ДА ИЗГУБИМЕ

**„Јас ќе останам ист до вашата старост, ќе ве потпирам до вашето побелување. Тоа го правев; ќе ве носам и натаму, ќе ви помагам, ќе ве избавувам“ (Исаија 46,4).**

Слушнав за еден постар господин кој почнал да заборава и страдал од старечка деменција. Му рекле дека постојано се жали и секогаш нешто заборава, особено на Бога. „Не грижи се“, му рекол негов добар пријател, „Бог никогаш нема да те заборави тебе!“

Староењето е можеби најтешкото време со кое треба да се соочиме во животот. Една стара поговорка вели: „Староењето не е за разгалените“.

Во основа, со староењето губиме многу работи. Поголемиот дел од времето во младоста го посветуваме на стекнувањето, но тоа се губи со староењето. Ја губиме силата, нашиот изглед се менува, пријателите нè напуштаат, а можеби ја немаме повеќе ни работата што во помлади години сме ја извршувале. Можеби може да се случи да изгубиме и некое богатство, куќата, здравјето, брачниот другар, независноста, а најмногу што можеме да изгубиме е чувството за сопствената вредност и почит.

Но, постои нешто што јас и ти, брате, сестро, нема никогаш да го загубиме, дури ни во нашата најдлабока старост, а тоа е

Божјата љубов. „Јас ќе останам ист до вашата старост“, му вели Бог на пророкот, и „ќе ве потпирам до вашето побелување. Тоа го правев; ќе ве носам и натаму, ќе ви помагам, ќе ве избавувам.“

„Праведникот цвета како палма, и расте како ливански кедар“, напишал псалмистот (Псалм 92,12).

„Засадените во Господовиот Дом цветаат во дворовите на нашиот Бог. Тие и во старост донесуваат плодови: сочни и свежи: за да навестат дека Господ е праведен; моја Тврдина - и нема неправда во Него“ (Псалм 92,13-15).

Божјата љубов никогаш не старее, таа секогаш е свежа, и сите нас нѐ бодри и зајакнува.

*Сабота, 24 август 2019*

## 8. ЗАПОЗНАЈ ГО ИСУСА

**„Туку растете во благодатта и во познавањето на нашиот Господ и Спасител Исус Христос. Нему слава и сега и во денот на вечноста. Амин!“ (2. Петрово 3,18).**

Според своето раѓање и воспитување, Артур бил Евреин. Меѓутоа, тој се придружил на една група што ја проучувала Библијата. Еден ден, останатите во групата се изненадиле кога слушнале како Артур изговара посебна молитва: „О Боже, Те молам, нека осамне денот кога сите Евреи ќе го запознаат Исуса Христа.“ Но, доживеале уште поголемо изненадување кога чуле како продолжува да се моли: „Те молам, нека осамне денот кога сите христијани ќе го запознаат Исуса Христа!“

Артур погодил во средиштето на таа длабока вистина со која сите мораме да се бориме. Дури и ако го повикуваме Исусовото име и се нарекуваме Негови следбеници, можеби луѓето околу нас не можат да препознаат дека ние го познаваме Исуса Христа. Дали сме воспоставиле личен меѓусебен однос со Исуса како наш Спасител и Господар на нашиот живот? Ако е така, дали преку молитва и темелно проучување на Библијата секој-

дневно се трудиме подобро да го запознаеме Исуса Христа?

Апостол Петар, кој добро го познавал Исуса рекол дека „Благодатта и мирот со познавањето на Бог и Христос Исус, нашиот Господ, да ви се умножат“ (2. Петрово 1,2). Ако го познаваме Исуса Христа, имаме сè „што ни е потребно за живот и побожност, преку познавањето на Оној, Кој нè повика преку Својата сопствена слава и добродетел“ (1,3). Исто така, вистинското познавање на Исуса Христа во нас ќе ги развие особините кои ќе му покажат на светот дека сме навистина блиско поврзани со Него (стихови 5-8).

Можеме ли искрено и со сигурност да кажеме: „Денес го познавам Исус подобро отколку што го познавав вчера?“ И светот нека го види тоа, бидејќи, колку подобро го познаваме Исуса во своето срце, толку појасно светот ќе го види Исуса во нашиот живот.

*Сабота, 31 август 2019*

## 9. ПРОВЕРИ ГО МРТВИОТ АГОЛ

**„Овие зборови што денес ти ги заповедам, нека ти се врежат во срцето“ (5. Мојсеева 6,6).**

Кога тргнав во автошкола, имав инструктор кој ми даде добар совет. „Кога гледаш во ретровизорот, знаеш што има зад тебе, но видното поле ти е ограничено“, ми рече тој. „Секогаш мора да се свртиш, да погледнеш преку рамото пред да преминеш на другата сообраќајна лента. Можеби ти се приближува друго возило, но не можеш да го видиш поради мртвиот агол. „Неговите мудри упатства ме сочуваа од бројни можни судири, за кои никогаш и не сонував дека би можеле да се случат.

Мојсеј добил мудри упатства за Израелците. Тие морале да ги проучуваат Божјите закони и да размислуваат за нив како дело на нивниот живот. Мојсеј им рекол: „Напомнувај им ги на своите синови. Зборувај им за нив кога седиш дома во својата

куќа и кога одиш патем; кога легнуваш и кога стануваш“ (5. Мојсеева 6,7). Накратко, Божјата Реч требало трајно да ја проникнува секоја област од нивниот живот.

Библијата е прирачник кој содржи упатства од Бога за да знаеме како да управуваме со нашиот живот. Но, ако имаме само мал дел од овие упатства, тоа не е доволно. Ние мора да ги проучуваме овие упатства, да ги применуваме во секојдневниот живот и да им ги пренесуваме на другите, особено на потомството.

Токму како и за време на возењето што го проверуваме мртвиот агол или слепата точка, така и примената на Божјата реч треба да биде наш природен одговор на опасностите кои нè чекаат во животот. Тоа ќе ни помогне да ги избегнеме духовните судири и несреќи.

Преку влијанието на Светиот Дух, Библијата ќе го промени нашиот живот и ќе ни помогне да го отфрлиме гревот само ако редовно ја читаме и се покоруваме на нејзините упатства и заповеди.

*Сабота, 7 септември 2019*

## 10. КАКО ДА ГО ВИДИМЕ НЕГОВОТО ЛИЦЕ

**„Земете го Мојот јарем на себе и научете се од Мене, зашто Јас сум кроток и понизен по срце; и ќе најдете одмор на своите души“ (Матеј 11,29).**

Некој познат скулптор требало да направи статуа на Исуса Христа. Зел добро измешана глина и направил модел. И пред да го напушти студиото, ја оставил новообликуваната фигура да се зацврсти и да се исуши. Меѓутоа, во текот на ноќта, се спуштила магла, а влагата ја навлажнила обликуваната фигура на Христос и го променила нејзиниот изглед.

И кога скулпторот се вратил следното утро, помислил дека неговото ремек-дело е целосно уништено. Рацете, кои биле по-

дигнати да благословат, сега се спуштиле во хоризонтална положба како да повикуваат. Христовата глава, која тој ја поставил да гледа кон Небото, сега се спуштила и гледала кон земјата, речиси скривајќи го лицето од погледите.

Набљудувајќи го своето дело, скулпторот одеднаш сфатил дека треба да ја обликува токму оваа положба на Христос. „Навистина, ако сакаш да го видиш лицето на Исуса, мора да се понизиш, да клекнеш долу до земјата и да погледнеш горе кон спуштената глава“.

Колку повеќе ќе научиме за Христа ако се трудиме што повеќе го следиме. Тогаш многу повеќе ќе сакаме да ја одразуваме Неговата милост и благост. А колку далеку сме од таквото однесување! Малкумина се оние меѓу нас кои за би можеле да кажеме дека имаат „кротко и понизно срце“.

Кога само би сакале да дознаеме што повеќе за Исуса Христа, од нас би исчезнале горделивоста и возгордеаноста. Горделивоста и надменоста никако не му доликуваат на еден христијанин, кој сака да биде вистински сведок за својот Спасител.

Некој рекол дека е толку понизен што се гордее со тоа. Таквите изјави се сосема спротивни на вистинскиот христијански живот. Бог нека ни помогне да сфатиме што значи да се биде вистински кроток и понизен како што бил Христос.

*Сабота, 14 септември 2019*

## 11. ВТЕМЕЛЕНА НАДЕЖ

**„Не сакаме, браќа, да останете во незнаење за умрените, за да не жалите како другите, кои немаат надеж“ (1. Солуњаните 4,13).**

Неодамна се појави статија во весниците за човек кој особено уживал да ја исмева христијанската вера. Во оваа статија тој јавно ги изразил своите уверувања дека животот воопшто нема

смисла и дека луѓето немаат основа за надеж по смртта. Отворено ги отфрлал фактите и доказите за постоењето на Бог и историските записи за Христовото воскресение.

Можеби ќе дојде ден кога тој, како и познатиот француски писател и филозоф Жан-Пол Сартр (1905-1980), ќе копнее за трошка надеж, но не ќе биде може да ја најде. Во 1980 година, болниот Сартр напишал: „Ми се враќа очајот кој ме напаѓа. Светот е непријатен и грд, лош и без никаква надеж. Затоа, и овој крик на очај, е крик на старец кој ќе умре во очај. А јас секогаш се противев на тоа. Знам дека ќе умрам во надеж. Но, на оваа надеж ѝ треба цврст темел“.

Еден месец по оваа изјава, Сартр починал. Се прашувам дали некогаш го открил тој важен темел на надежта. Божјата реч нѐ учи дека единствениот темел на нашата надеж е празниот гроб на Исус Христос и Неговото воскресение, како што е опишано во 15. глава од Првото Послание до Коринќаните.

Бог во Христа Исуса ни обезбедил цврста карпа врз која се темели нашата надеж. Бидејќи Исус воскреснал од мртвите, никој од верниците не треба да умре во очај.

Како е со тебе брате, сестро? Дали вашата надеж е втемелена на Исуса Христа, на Неговото воскресение или се плашите од смртта бидејќи не знаете што ве чека на другата страна од гробот? Затоа, да му се заблагодаруваме постојано на Бога за надежта што ни ја дава во Исуса Христа.

*Сабота, 21 септември 2019*

## 12. ЃУБРИВОТО СИГУРНО ПОМАГА!

**„Јас посадив, Аполос навади, но Бог прави да расте“ (1. Коринќаните 3,6).**

Еден вероучител покажал кон една голема билка во училницата и ги прашал учениците: „Кој прави ова убаво цвеќе да рас-

те?“ Едно момче веднаш одговорило: „Бог прави да расте!“ Вероучителот бил пријатено изненаден од одговорот, но пред да додаде некоја забелешка на таа изјава, друго момче извикало: „Но и ѓубривото сигурно помага!“

Ова момче допрело една мошне длабока и реална мисла – спој на човечкото дејствување со божественото во Божјата намера за растењето. На пример, иако Бог го создал овој свет со сето она што во него расте, го поставил човекот во градината за да ја обработува и чува.

За оваа вистина наоѓаме споредба во духовната содржина. Апостол Павле го напишал следново: ***„Јас посадив, Аполос навади, но Бог прави да расте.“*** Пишувај го тој текст, намерата му била да нагласи дека Бог е одговорен за растењето. И така, Бог во текот на историјата на човештвото дејствувал преку предани луѓе кои вложувале свој труд за Бога. Забележете ги овие изрази: Павле „посадил“, а Аполо „навадил“.

Признаваме дека Бог е единствениот кој прави нешто да расте во природата, но и во Црквата. Сепак, свесни сме и за тоа дека Тој одбира да делува и преку луѓето, а она што ние го додаваме на таа работа „сигурно помага!“ Бог е верен во извршувањето на својот дел од работата. Но, дали и ние сме верни и предани да го извршиме нашиот дел што Бог ни го доверил?

Имено, Бог ни дава на сите одредена задача, која мора да ја извршуваме. Мораме тоа да го правиме од љубов, за нашта служба за Бога да биде на Негова слава. Затоа, да се молиме за добра и успешна жетва, но да продолжиме да ја обработуваме нивата.

*Сабота, 28 септември 2019*

## 13. ЗАПОМНИ!

**„Кога воскресна, пак, од мртвите, Неговите ученици се сетија дека го рече тоа; па им поверуваа на Писмото и на зборот, што Исус им го рече“ (Јован 2,22).**

Учениците се сетиле – и потоа поверувале!

По Исусовата смрт на крстот и Неговото воскресение, учениците се сетиле на Исусовите зборови: „Разурнете го овој Храм, и ќе го подигнам за три дни!“ (Јован 2,19) Ако нашата вера треба да расте, и ние мораме да се сетиме на крстот и на празниот гроб! Исус го воспоставил сеќавањето на својата смрт, обред кој го нарекуваме Вечера Господова. Свесни сме дека нашата вера и нашата надеж јакне секогаш кога ќе се сетиме што направил Исус за нас. Исус рекол: „Правете го ова за Мој спомен!“ (1. Коринќаните 11,24). Секој пат кога ќе се состанеме да го јадеме лебот и да го пиеме виното, се сеќаваме што сѐ претрпел Исус за да нѐ избави од гревот и да ни осигура вечен живот.

Искрениот верник не живее само од спомените, туку живее со надеж во подобра иднина. Значи, уште еднаш, искрениот верник не живее само од спомените, туку се надева во иднината што Бог ни ја подготвува. Го земаме лебот и го пиеме виното од чашите „додека Тој не дојде“, вели писмото. Оној што умрел за нас, исто така и станал од гробот. И додека размислуваме за нашите сакани што умреле со вера во Господа Исуса, го очекуваме денот кога тие ќе воскреснат и ние повторно ќе се сретнеме со нив. Можеме да бидеме сигурни во тоа, бидејќи Исус воскреснал и живее, и тоа е наша гаранција, дека и ние ќе воскреснеме и ќе живееме со Него!

Денеска лееме солзи бидејќи сме ожалостени кога се сеќаваме на нашите најблиски што умреле. Но, кога ќе се сетиме на Исусовата смрт и Неговото воскресение, нашата вера и нашата надеж се обновуваат.

Затоа денеска се сеќаваме на Исусовото воскресение! Затоа денеска ние не тагуваме како оние што немаат надеж, зашто нивната надеж се гаси како жарче или се суши како цветот во полето. Нашата надеж е во Бога, и треба да ја негуваме, затоа што имаме воскреснат Спасител во кого можеме да имаме целосна доверба.

**Градиво за саботна школа**

**3/2019**

**УВОДНИ СТИХОВИ**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и**
**техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**